ГРАД СКОПЈЕ

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за планирање и уредување на просторот

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот

**ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје на Андон Лазов Јанев-Ќосето**

Скопје, декември 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија,‘ бр 66/04, 89/08, 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.103/21) Советот на Град Скопје на ________________седница, одржана на __________2023 година, донесе

**ОДПУКА**
**за изменување на Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје на Андон Лазов Јанев-Ќосето**

**Член 1**

Со оваа одлука, се врши изменување на Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен – обележје на Андон Лазов Јанев – Ќосето („Службен гласник на Град Скопје бр.9/14).

**Член 2**

Во Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен – обележје на Андон Лазов Јанев – Ќосето („Службен гласник на Град Скопје бр.9/14), членот 2 се менува и гласи:

„Спомен-обележјето од член 1 на оваа одлука ќе се подигне во Скопје на крстосница на бул.Александар Македонски со ул.Беласица, на триаголникот северо – источно од кружниот тек“.

Во членот 6 Податоци и параметри за градбата и просторот, алинеја 1 - Текстуален дел, зборовите „крстосницата на бул.Гоце Делчев и бул.Крсте Мисирков, на аголот кај Судска палата (комплекс на Судови)“ се менуваат и гласат:

„крстосница на бул.Александар Македонски со ул.Беласица, на триаголникот северо – источно од кружниот тек“.

Во членот 6 Податоци и параметри за градбата и просторот, алинеја 2 – Графички дел се менува со:

графички приказ:




ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

P = 1 : 1000




ЛЕГЕНДА

СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ

НОВОПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

Р = 1 : 1000

# Димензии на постаментот






- Димензии на постаментот и скулптурата, нејзината новопланирана состојба, според условите на терен може во одреден процент да отстапуваат од наведените параметри.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________________
_________ 2023 година
Скопје

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Трајко Славески

_______________________

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на Одлуката е член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 5/02), каде е определена надлежноста на Советот за донесување на одлуки и член 18 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија,‘ бр 66/04, 89/08, 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.103/21).
Спомен - обележјето на Андон Лазов Јанев- Ќосето, беше поставено во Скопје, на крстосницата на бул. Гоце Делчев и бул. Крсте Мисирков, на аголот кај Судска палата (комплекс судови) со Одлука на Совет на Град Скопје бр. 07-4860/1 од 14 јули 2014 година. Истото беше дислоцирано од страна на општина Центар и чувано во депо од страна на Град Скопје. Спомен - обележјето на Андон Лазов Јанев - Ќосето ќе се подигне во Скопје на крстосница на бул. Александар Македонски со ул. Беласица, на триаголникот северо – источно од кружниот тек.

Град Скопје поднесе Барање за поставување на спомен – обележје на Андон Лазов Јанев – Ќосето (бр.09-1378/1 од 08.03.2023 година) до Општина Центар, по што е добиен Одговор со кој истото е одбиено со образложение дека согласно Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата, спомен – обележје можат да подигаат општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.“

Поради горенаведено, се предлага Советот на Град Скопје да ја усвои Одлуката за изменување на Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен – обележје на Андон Лазов Јанев – Ќосето.